Број на Службен весник:61/2014
Датум на објава на Службен весник:10.04.2014
Број на одлука на Уставен суд (У.бр.):/

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

Врз основа на член 51-б став 3 од Законот за земјоделското земјиште ("Службен весник на Република Македонија" бр.135/07, 18/11, 148/11, 95/12, 79/13, 87/13, 106/13, 164/13 и 39/14), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ПОСТАПКАТА ЗА ИЗДАВАЊЕ НА СОГЛАСНОСТ ЗА ГРАДЕЊЕ НА ПОМОШНИ ОБЈЕКТИ, ОРАНЖЕРИЈА ИЛИ ОБЈЕКТ ЗА ПРИМАРНА ОБРАБОТКА НА ЗЕМЈОДЕЛСКИ ПРОИЗВОДИ НА ЗЕМЈОДЕЛСКО ЗЕМЈИШТЕ, ОБРАЗЕЦОТ НА БАРАЊЕТО И ПОТРЕБНАТА ДОКУМЕНТАЦИЈА

### Член 1

Во Правилникот за постапката за издавање на согласност за градење на помошен објект, оранжерија или објект за примарна обработка на земјоделски производи на земјоделско земјиште, образецот на барањето и потребната документација ("Службен весник на Република Македонија" бр.93/11 и 152/11), Прилогот се заменува со нов Прилог кој е составен дел на овој правилник.

### Член 2

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

| | |
|---|---|
| Бр.22-1578/3 | Министер за земјоделство, |
| 1 април 2014 година | шумарство и водостопанство, |
| Скопје | Љупчо Димовски, с.р. |

Прилог

ДО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО,
ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

БАРАЊЕ
за добивање на согласност за градење на помошни објекти, оранжерија или објекти за примарна обработка на земјоделски производи на земјоделско земјиште

1.Податоци за подносителот на барањето.

Име и презиме на физичкото лице/назив на правното лице ___________________
Адреса на живеење/седиште на правното лице ______________________________
ЕМБГ/ЕМБС _________________________________
Лице за контакт _________________________ тел. ____________________

2.Податоците за земјоделско земјиште во државна сопственост за кое се поднесува барањето за добивање на согласност за градење на помошни објекти, оранжрија или објекти за примарна обработка на земјоделски производи на земјоделско земјиште согласно член 51-б се: КП.бр.______, место викано __________, катастарска култура ______, катастарска класа ____, површина ____ м2, запишана на Имотен лист бр. ______ за КО ___________, во сопственост на ___________________, односно на земјоделско земјиште во државна сопственост КП.бр.______, место викано __________, катастарска култура ______,катастарска класа ____, површина ______м2, запишана на Имотен лист бр. ______ за КО ________, предмет на договор за закуп на земјоделско земјиште бр. ___________ од _____________ година склучен помеѓу ________________ и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Во прилог кон барањето се доставува бараната документација.

БАРАТЕЛ,

______________________

______________________
Датум и место

(потпис/печат*)

* За трговски друштва не е задолжителна употреба на официјалниот печат согласно Законот за трговските друштва